# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО

Во рамките на
проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик за ПРИЈАВУВАЊЕ НА СРЕДНОШКОЛЦИ РОМИ ЗА УЧЕСТВО ВО АКТИВНОСТА ТУТОРСТВО. Пријавените и селектирани лица ќе бидат подучувани, мотивирани и насочувани за успешно транзитирање на средношколците во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, во период од  Ноември - Декември 2025 година (два месеци), преку индивидуална туторска програма подготвена од страна на туторот и средношколецот/туторираниот.

## Опис на активноста туторство

Туторството претставува можност за средношколците Роми да соработуваат и бидат туторирани од страна на тутор кој ќе им помогне за успешно транзитирање во следната учебна година или за полагање на државна или училишна матура, а со тоа и завршување на средното образование. Временската рамка за реализирање на туторските средби е од Ноември - Декември 2025 година (два месеци).
Во рамките на проектот „Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“ е предвидено туторирање на најмногу 10 средношколци Роми за што е потребно ангажирање на најмногу 10 лица (тутори).
Туторството е дополнителна академска помош и поддршка за средношколците Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и ученикот за одреден наставен предмет за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.
Целта на туторството е да им помогне на средношколците Роми успешно да ги совладаат знаењата и да ја поправат оценката по одреден предмет по кој имаат одредени потешкотиии во совладувањето на материјалот за да транзитираат во следната учебна година или да положат државна или училишна матура, со цел успешно завршување на средното образование. Дополнително, една од стратешките цели на оваа активност е да им помогне на учениците Роми успешно да го завршат средното образование и да се запишат на факултет.
Пријавените тутори ќе бидат регистрирани во базата на тутори за академската 2025/2026 година и ќе бидат понудени за туторски ангажман во текот на академската 2025/2026 година само доколку учениците Роми во нивното барање за туторство не предложат тутор или нивниот предложен тутор не ги исполнува условите за тутор.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

**Учесници во активноста туторство може да бидат:**

Ученици Роми запишани во јавните средните училишта во Република Северна Македонија.

**Како предност се смета:**

- Средношколците/ките кои биле вклучени во проектните активности во претходните проектни години;
- Средношколците/ките кои веќе имаат предлог тутор/ка.

**Потребни Документи и начин за пријавување за учество во активноста менторство**

Пополнета ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО да биде испратена најдоцна до 31 Октомври 2025 на меил адресата kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или директно во канцелариите на Ромаверзитас

**Селекција на кандидати**

Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

# ПРИЈАВА ЗА ТУТОРСТВО

Име и презиме: ________________________________________________

Возраст: ____________________________

Општина на живеење: ____________________________

Училиште: ________________________________________________

Година на образование: ____________________________

Имам потреба од туторство за:

- ☐ Помош за совладување на материјалот по предметот/тите

________________________________________________________________________________

- ☐ Помош за полагање на државна матура по предметот/тите

________________________________________________________________________________

- ☐ Помош за полагање на училишна матура по предметот/тите

________________________________________________________________________________

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union